*Блажо Китанов*

# ТОЛКУВАЊЕТО НА ПЕСНАТА *ОЧИ* ВО УЧЕБНИКОТ ПО ЛИТЕРАТУРА ЗА ТРЕТА ГОДИНА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1.

Во учебникот по литература за III година во средното образование, од авторите Гане Тодоровски и Невена Исакова, во последното, 12. издание на „Просветно дело" од Скопје за 2000 година, помеѓу 113. и 118. страница, се толкува и се коментира творечкиот и животен пат на едно од најзнаменитите поетски имиња кај нас, Ацо Шопов. Потписник на текстот за Шопов е проф. д-р Гане Тодоровски, поткрепен со неодминливите квалификации, ставови и коментари од најдоследниот, искрен и гласовит заштитник на вредностите на поезијата на Шопов, Димитар Митрев, од една страна, и неговиот најсестран и најкомпетентен толкувач и проучувач, Георги Старделов, од друга.

При откривањето на творечкиот развој на поезијата на Шопов за оваа возраст во средното образование, Гане Тодоровски ги изделува и на инспиративен начин ги толкува и ги коментира песните: „Очи, Раѓање на зборот" и петте песни од циклусот „Црно сонце". Според програмските стандарди и барања, добро е што хоризонтот на ученикот има можност да се прошири и да се продлабочи со тоа што во „Примерите" се даваат и песните: „Лов на езеро" и „Трета молитва на моето тело". Со тоа, всушност, се нудат творби кои на најсоодветен начин треба да ги откријат таканаречените развојни фази во поезијата на Шопов, а со тоа и дел од неговата животна или интимна биографија.

Но, кога се има предвид песната „Очи" и нејзината интерпретација во учебникот за средно образование, треба да се знае и нешто повеќе за генезата на песната и суштината на феноменот *очи* во поезијата на Ацо Шопов. Притоа, првенствено треба да се укаже на трите појдовни одредби во поезијата на Шопов:

1. мајката;
2. најраните творби посветени на мајката;
3. тегобните детски дни,

кои се мошне важни за разоткривање на поетовата *љубов* и *борба* (двете крупни класи/теми) кон / за:

а) зборот / песната;
б) жената, мајката, љубовта;
в) земјата / татковината,

т.е. кон магистралната, психогена и космогена тема во поезијата на Ацо Шопов - (не)биднината.

2.

Во периодот помеѓу двете светски војни, во време – невреме, детето ученик ќе биде потиснато од мислата за гола егзистенција на трошната куќичка на ул. „Солунска" 10. Соочен со проблемите на општеството, Ацо Шопов рано ќе ја почувствува горчината на животот, на таа „чаша на ужас и гнев", на „ужас и стравотија" (В. Шопов, 1985 : 451).

Особено стравотен и трауматичен за единаесетгодишното дете е оној период кога во 1934/35 година добрата мајка Костадинка - Коцка сè потешко заболува од долга и неизлечива парализа на телото. Бидејќи татко му по цел ден е на берберскиот дуќан, Ацо Шопов ќе ѝ се предаде на мајка си, ќе се соживее со неа, со нејзината болест, па секој ден ќе носи жешка вода од л'џите, ќе ја капе и ќе ги чисти крвавите рани од неподвижното, голо и закоравено тело. Таквата близост со мајката во психата на адолесцентот ќе создаде петрифицирани трауматични слики, кои наполно ќе се поистоветат со судбината на поетот (сп. „Оздравување на болниот, Дрво на ридот", 13) кога во 1979 година паѓа тешко болен.

Токму тогаш кога мајката е неподвижна и кога наполно ја губи моќта на говорот, единствено младиот Ацо преку блесокот и движењето на нејзините очи ќе ги чита барањата, желбите и потребите на мајка си.

Оттука, неговата мајка, која рано го бодри и го закрилува со народни приказни и романтични стихови, тој ќе ја опее во неколку песни, во кои ја воспева, ја храбри да издржи, молејќи го Севишниот да ја чува, здрава да е, да оздрави:

МАЈКА
(12. II 1938)

*Најѓолема моја свеѿиња,*
*за мене со бисер оӣсиӣана,*
*Ти ме ѓледаш и чуваш*
*и ме ѓрлиш мноѓу, моја љубена.*

*Најѓолемо мое блаѓо,*
*Најѓолема моја блаѓодаѿ,*

*Колку многу те сакам и љубам,*
*Не знам ни самиот.*

*Кога те гледам тажна,*
*Јас тогаш стојам скаменет,*
*И срцето тревожно бие*
*во моите младешки гради.*

*Јас те молам мил мој Боже*
*Да ја чуваш здрава да е,*
*Тоа моја света желба е,*
*За тоа љубовта моја копнее!*

(Препев на В. Шопов, 1985 : 450)

Тоа е песна со искрени и чисти лирски чувства, со излив на немерлива љубов и благопочит спрема мајката, со која, особено преку четвртиот катрен, со молитва до Севишниот се изразува најсветата младешка желба и љубов на детето – поет.

Ете, токму тој жив блесок на мајкините очи и нејзиниот немушт глас подоцна ќе го водат младиот борец во битката со непријателот. Но, на 6.12.1943 година на Скопска Црна Гора, во борба со балистите, поетот ја губи блиската другарка, неговата симпатија и љубов Вита Попјорданова – Цена. Во нејзин спомен Шопов ја создава песната „На Кара-Даг“.

По извесно време, очите на Цена и судбински и поетски ќе се овоплотат во новата љубов на Козјак, во црните очи на другарката и неговата љубов – Вера. Тие очи уште еднаш ќе згаснат и ќе блеснат, ќе горат и гневно ќе искрат врз потните и распалени лица на борците од Третата македонска ударна бригада. Илустративни во тој однос се компаративните примери од трите песни:

1. „.................................................
меѓу нив Цена растресе снага.
(.....)
и в очи црни заигра пламен,
и како виор летна сред бури,
со врело срце, со волја пламена.
(.....)
с оган в очи врагот да коси“
(„На Кара-Даг“)

2. „Очи ти сакам молња да режат,
(.....)

врагој да мрзнат
(.....)
Сред тие бури,
(.....)
огнени очи не ќе ти свенат"
(„Љубов")

3. „ (.....)
Ти растресе снага и размолска тага,
со луњени очи широки и волни
ги расече в ноќта здивените молњи!"
(„Очи")

Посочениве стихови се поетски варијанти на иста тема, показ за творечката генеза на профетскиот триптих (*На Кара-Даг, Љубов, Очи*) и за квалитативната поетска еволуција на клучните и најдобри песни (*Љубов* и *Очи*) од првиот творечки период на нашиот поет. Инаку, песната *Љубов*, која е пишувана при крајот на 1943 година од чиста љубов кон партизанката Вера Јоциќ" (Шопов, 1979 : 141) е со чиста профетска основа и содржина. Впрочем, како што претскажувањата на Мајаковски и на Блок се остваруваат со неверојатна точност, така и небиднинскиот профетизам на Шопов се остварува / чита преку љубовта и очите на Вера.

Во тој период Ацо Шопов ќе го испее и „Маршот на Третата македонска ударна бригада", кој со својата виталистичка енергија ќе стане песна со своевидна не-биднинска енергија. Но ако „Маршот" го означува врвот на борбената програмска лирика, песните „Љубов" и „Очи" се првите естетски никулци во кои ќе се надоврзат и ќе се развијат зрелите поетски плодови во подоцнежното интимистичко пеење на Ацо Шопов. Всушност, тие две песни го одредуваат:

1. Профетскиот чин на песната и поетското / човечкото битие, и

2. Чинот на идното лирско писмо во поезијата на Ацо Шопов.

Ако во „Љубов" и двете позиции се строго омеѓени (профетското е во средишниот дел на песната, а лирското во рефренот), во песната „Очи" тие се прелеваат од почеток до крај. Во оваа песна која Шопов ја смета за пророштво на сопствениот поетски живот (1976:8) постои нешто како своевидна виртуелна содржина, која треба да се бара и да се открива во комплексното значење на лексемата *очи*. Всушност, во прашање е лексема преку која се открива:

1. Ејдетската слика и значењето на феноменот *очи*, и

2. Генезата на небиднината во однос на (само)жртвата и чинот на создавањето на песната.

I

Проблемот на ејдетската слика и значењето на феноменот *очи* може да се бара во времето на тегобното детство на Шопов, за што зборувавме погоре. Да потсетиме: кога тешко заболената мајка ќе стане неподвижна, со закоравено тело и загубена моќ на говорот, единствено синот/поетот ќе умее да ги чита нејзините мисли и желби преку блесокот / говорот на нејзините очи. Тие очи на поетовата мајка, кои ќе бидат вградени во првите песни од гимназиската тетратка, и ќе го повикуваат синот на борба: „Стани, сине, татковината те вика“; најпрво се овоплотени во пламенот, во огнот и во блесокот на црните очи на Цена, за да доживеат предметна, психолошка и профетско-естетска рефлексија или транспозиција во црните и огнени очи на Вера Јоциќ.

Следствено, ако „очите се огледало на душата или пак на некои особени душевни настроенија“ (Атанас Вангелов, 1965:161), и во поезијата на Шопов очите ја симболизираат љубовта на поетот кон мајката-жената-земјата, кон поезијата, идентифицирана и трансформирана со/во љубовта на борецот и човекот кон интимната другарка, жена и храбар борец (Цена, Вера), чија снага („растресе снага“) и блесок во очите ќе прераснат во крупна метафора за нов бунт и нов повик за борба и посилен јуриш за слобода, од една страна, и за зборот и поезијата воопшто, од друга.

II

Блесокот на очите на хероината, кои имаат придвижувачко дејство врз борците на Бригадата, ѝ придаваат митски признак на песната. Притоа драматската сижетна потка на песната, која е антички проицирана меѓу двата рефрена, ја открива:

а) борбената максима на поетот и човекот, на жртвата и борецот, пр. „Во живот низ смрт, мила моја, води ме!“ („Дрво на ридот“, 20), и

б) генезата на македонската историска небиднина или на „оној македонски непокор, оној револуционерен самопрегор, онаа величественост на смртта во борбата за афирмација на човековата слобода, за смислата на љубовта над смртта, за семоќта на верувањето и надежта над очајот и скепсата“ (Старделов, 1987:176).

Впрочем, за тоа воздејство на жртвата над борците сведочи и поетот како непосреден учесник во трагичната драма: „(....), верувајте – носени од вербата во Вера и љубовта што ја негувавме кон неа, ние кренавме во напад и се пробивме. Нејзините очи, кои живееја во нас, ни даваа сила да истраеме.“ (1976:17)

Посочена уште во гимназискиот период, присутна во „Одредот Гоце Делчев издаден“:

„растресе снага бунтовна,
размрда раци жилави,
засветна очи пламени“,

апострофирана и подигната до степен на симбол со профетско значење („На Кара-Даг“, „Љубов, Очи“) – очи, како клучна денотативна лексема, ќе има иницијално значење за постапното модулирање и развивање на магистралната поетска парадигма во поезијата на Шопов - небидднината.

***Литература:***


1. Китанов Блаже: *Ацо Шопов – живот и дело*, Скопје, Култура, 1988.
2. Шопов Владимир: *Кон најраното творештво на Ацо Шопов*, Штип, Дело 74 /XII (1985), 5 - 6, 483 - 454.
3. *Писателот пред дванаесет прашалници - Ацо Шопов*, Битола, Развиток, XVII(1979), 2, 141 - 144.
4. Бошнаковска-Михајлова Гордана: *Љубав на језеру живота*, Сараево, Одјек XXIX (1976), 21, 8.
5. Вангелов Атанас: *Семантичките фигури во македонската народна лирика*, Скопје, македонска книга, 1986.
6. Старделов Георги: *Портрети и профили*, Скопје, Мисла, 1987.